




# КОНЦЕРТ НА ПИЈАНИСТКИТЕ ФРАНЧЕСКА ОРЛАНДО И МИМОЗА ЌЕКА ВО БИТОЛА

13 септември 2022, 6:26 pm

248 прегледи

Array



Пијанистките Франческа Орландо и Мимоза Ќека изведоа концерт во палатата на уметноста Офицерскиот дом во Битола.

Пијанистките изведоа богата програма со дела од Моцарт, Шуберт, Дворжак, Пуланк, Дебиси и Пјацола за четирирачно пијано. Пред Битола, настапија во Скопје во Музејот на македонската борба. Во 2019 година дуото настапи пред публиката во Бристол, Обединетото Кралство, со избрани дела од музичката литература за две пијана.







Родена во Фиренца, Франческа Орландо е британско-италијанска пијанистка, која настапува на меѓународно ниво и како солист, корепетитор и како камерен музичар низ многу европски градови, вклучувајќи ги Лондон, Копенхаген, Будимпешта, Малта, Фиренца и Рим. Од нејзиниот дебитантски рецитал во Фиренца, на четиринаесетгодишна возраст, таа интензивно настапува во познати концертни сали како што се Вигмор Хол, Сент Џејмс Пикадили, Кралската академија за уметности во Лондон, салата Свети Џорџ во Бристол и како солист со Симфонискиот оркестар на Универзитетот Ексетер, Симфониски оркестар Бристол. Настапува на многу музички фестивали низ Англија, вклучувајќи ги музичките фестивали Петворт, Блумсбери и Дартингтон како дуо партнер со познатиот пијанист Стивен Озборн.



Пијанистката Мимоза Ќека, родена во Скопје, се истакнува како рециталист и камерен музичар, концертирајќи на голем број музички фестивали во Париз, Рим, Бристол, Милано, Трст, Сиена, Њујорк, а во 2022 година го објавува соло албумот NON-FUNGIBLE. Во 2019 година таа учествува во европскиот проект TEME одржан во Трст и Камерино, Италија, дел од програмата Музиката ја движи Европа (Music Moves Europe), а во текот на студиите учествува на голем број мастер класи во музички академии вклучувајќи ја Академија музикале чигијана во Сиена, Италија.

Tv Tera Ritamot na gradot Koncert na Franceska Orlando i Mimoza Kjeka 13 09

Дали бојкотот на големите маркети ќе даде резултати?

- -да
- -не